**изворен научен труд**

**УДК: 821.163.02 Prosvjetiteljstvo:930.85(497)**

# ПРОСВЕТИТЕЛСТВОТО – МИНАТО ИЛИ СЕГАШНОСТ

**Валентина Миронска-Христовска**
*Институт за македонска литература*
*Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Македонија*

**Keywords:** the Enlightenment, nationalism, liberalism, cultural reviver, globalism, Balkan, civic awareness.

**Summary:** This is a comparative literature study of the aftermath of the Enlightenment and its impact on the current present, specifically in the context of Europe and the Balkans. The study includes an evolutionary analysis of the cultural, economic, political and nationalist effects of the Enlightenment and their reflections in modern world globalized society. At the same time, the study covers the agents of the Enlightenment on the Balkans and the consequences of their endeavors, as well as historic events and the emergence of nationalism in the 19$^{th}$ century as the reason for the change of the visionary mission of the leaders of the movement, evidenced by Michel Foucault's famous statement: "I do not know whether we will ever reach mature adulthood. Many things in our experience convince us that the historical event of the Enlightenment did not make us mature adults, and we have not reached that stage yet"

**Клучни зборови:** просветителство, граѓанска свест, национализам, либерализам, глобализам, културна преродба, Балкан.

**Резиме:** Во проследувањето на темата, појдовна точка се придобивките од просветителството во Европа и на Балканот. Истовремено, следи нивно компаративно проследување со промените од новиот светски поредок, поточно, состојбата во културата, економијата, политиката, критиката итн. Накратко, проследени се претставниците на просветителството на Балканот и придобивките од нивните заложби, по што следува кратката согледба на историските настани, односно на настаните по појавата на национализмот во 19-тиот век поради што дел од мисијата и визијата на просветителските придобивки бил пренасочен кон други цели, поради што сè уште останува констатацијата на Фуко дека „Не знам дали некогаш ќе станеме полнолетни. Многу работи во нашето искуство нè убедуваат дека историскиот настан Aufklärung не нè направил полнолетни и сè уште такви не сме“.

Просветителството е неисцрпна тема, за која не е постигната согласност ниту за неговото дефинирање, ниту за неговите хронолошки и географски распон. Тоа е тема што е актуелна и во денешно време, која се проучува и за која сè уште се водат дебати и се произнесуваат ставови: за или против просветителството.

Прашањето „Што е просветителството?", всушност, било и тема на есејот на натпреварот што бил организиран во 1783 година, од страна на берлинското списание *Berlinische Monatsschrift*. Следеле бројни проучувања за есејот, како и бројни оцени за просветителството, меѓу кои: дека претставува процес преку кој човекот се едуцира да го користи разумот; дека претставува еманципација на човековата свест; дека е фаза од еден постепен развој кој започнал уште во антиката итн. итн. Всушност, првичната цел на просветителството била афирмација на толеранцијата, соживот меѓу различните религии и научната револуција, што била промовирана од филозофите, локалните интелектуалци и масонските ложи. Но развојот на идеите овие цели ги однеле во друг правец. Првичните просветителски постулати: разум, толеранција, еднаквост, веќе, со појавата на идеите за либерализмот и национализмот, прераснале во идеи на многу немири, во шовинизам, нацизам, тоталитаризам. Во просветителството, односно во либерализмот, се гледаат и почетоците на глобализацијата, чии основи лежат во книгата *Истражување на природата и причини на богатството на народите* (1776), од Адам Смит, во којашто тој ја поставил Теоријата за апсолутната вредност, односно идејата за слободна трговија меѓу народите, и во Теоријата на компаративен пристап, од англискиот економист Дејвид Рикардо, со книгата *Принципи на политичката економија и оданочувањето* (1817), кој воедно се смета за втемелувач на меѓународната трговија.

Токму овие постулати нè навраќаат на просветителството, односно на тоа, што тоа ни донело и каде нè однесе. Просветителството (Age de lumière, Age of enlightenment, Aufklärungszeit) е период на нововековната историја, кога човековата егзистенција се здобила со приматот над божјата егзистенција. Човекот бил во центарот на вниманието, започнало негово проучување, односно дефинирање, при што се воделе низа дебати, во енциклопедиите биле воведени низа одредници како на пример, „морален човек", „политички човек" итн. Притоа, на прв план биле поставени разумот и критичкото размислување. Била усвоена класичната максима „Спознај се самиот себе", започнало развивањето на самосвеста, на „Свеста за *сопственото* јас, како спротивност за

*другите нешта*, при што ова другото е моќ за сознание“ (Шопенхаур; 1998:54). Поточно, сознанието ќе му овозможело на човекот да излезе од затворената субјективност и да влезе во објективниот свет. Биле создавани нови визии за светот, па со „новиот дискурс векот изгледал како век на космополитизам, размена на сè поголема циркулација на луѓе и идеи“ (Вовел, 2006:19). Човекот започнал да се надвладува себеси, да трансцендентира, излез од затворената субјективност барал во хуманоста, егалитаризмот, демократијата, човековите права, духовната револуција. Притоа, сè требало да подложи на критика, бидејќи, како што истакнал Кант, „нашиот век е век на критиката“ („Критика на чистиот ум“, 1781). Истовремено, насекаде се барала слободата: во мислењето, во говорот, во творењето, во секојдневното живеење, бидејќи според Дидерот: „Секој век носи во себе дух кој го одбележува; нашиот дух – се чини дека е духот на слободата“ (Vidah, 1984:290).

Согледани овие поставки денес, во времево на глобализацијата, на експанзивниот технолошки развој, циркулацијата на луѓето и идеите е дојдена до совршенство. Но токму тој процес, каде го однесе човекот? Тој повторно влегува во својата субјективност преку виртуелниот свет во којшто живее и пријателите во него, но притоа, градејќи еден аутистичен свет. Индивидуализмот се поставува над чувството за колективност, за семејност, се губи чувството за дијалог и со тоа се нарушува принципот на Дидро, според кој, слободата и индивидуализмот, во првиот момент, биле конструирани како интелектуални теми (Купер, 2004:344). Во нови води заплива и критичката мисла, посебно стручната мисла што се чини како да изумира. Сериозните осврти и рецензии се заменети со мислењата на илјадниците фејсбук-страници, твитери, блогови итн., при што воопшто не се води сметка за стилот, за јазичните норми, зборовите се кратат, се заменуваат само со една-две букви или со цртежи (стикери), се прифаќаат туѓи зборови, не се врши нивна транскрипција, па се добива двојазичност и двоазбучност, како на пример: „Се јавуваме од backstage“. Се намалува ли вредноста, ако кажеме: „Се јавуваме од зад сцената“? А токму јазичното прашање, образованието, книгата, литературата, беа подвижници на просветителската мисла кои, за жал, сега се претворија во електронско образование, електронски книги, библиотеки итн. Сензуалноста, односно возбудата и мирисот, при влезот во светот зад кориците, е изгубена, а да не зборуваме за изгубениот интерес кон нив воопшто.

Од друга страна, втемелувачот на сознајната теорија, на емпиризмот, и предвесникот на просветителството, Џон Лок, сметал

дека „Сè што има почеток, има и причина“ (Купер, 2004:78). Па се прашувам, каде е причината за почетокот на ваквото живеење и каде тоа ја води човековата цивилизација? Според Лок, разумот морал да биде наш најголем судија и требало да нè води во сè. Тој се залагал за воспоставување на правна власт, ја оправдувал револуцијата, само доколку бил загрозен народниот суверенитет, за кој сметал дека е неотуѓив. А каде нè однесоа новите поставки? Во разни револуции, започнати од граѓански здруженија кои не го штитат народниот суверенитет, туку водат во разгризување на сопственото национално ткиво, кои нè водат во конфликт меѓу самите себе. Па нацијата, наместо да се обединува, таа се разединува, каква што е моменталната состојба во Р. Македонија. Исто така, преку развојот на идеите, од една во друга: натурализмот на Хјум, Берклиевиот идеализам, Шотланската школа со филозофијата на здравиот разум, сензуализмот на Кондилак, материјализмот, довеле до францускoто просветителство, со повикот: „Слобода, еднаквост, братство“, преку кој француските мислители и писатели сакале да им се спротивстават на лагата, на интересот, лицемерието и незадоволството од владејачкиот режим, со цел да се најдат нови решенија и правила за животните прашања. Тие, всушност, застанале против апсолутизмот и го издигнале републиканскиот дух. Но, и во денешно време, ширум светот, незадоволството од владејачките лидери е големо; во многу земји, по изборните процеси, започнуваат протести, некаков вид револуции. Меѓутоа, дали се тие вистински израз на народните барања или, всушност, преку нив се води борбата меѓу глобалистите и суверенистите; борба меѓу либералите, олигарсите кои владејат со богатството на Светот и протекционистите, кои го заштитуваат домашното производство и настојуваат да ја вратат средната класа на сцена, која, за жал, од ден на ден сè повеќе исчезнува.

Просветителството го започнало развојот на модерната држава, на правото, на филозофијата, природните науки, емпириската психологија, политичката економија, историјата, етиката, естетиката, на статистиката итн. Владеела девизата на Бекон дека „Знаењето е сила“. Било отворено и прашањето за жената, започнало да се гледа на нејзината улога во општеството, поради што е наречен и „век на жената“. Затоа и кога се зборува за жената, всушност се зборува за жените на просветителството, бидејќи и во *Енциклопедијата* нема застапено одредници за жена-авторка. Всушност, скоро еден век претходно, бележит е обидот на Пулен де ла Бар, кој во списите *За еднаквост на двата пола. Физичко и морално излагање каде се гледа значењето на ослободувањето од предрасудите*, од 1673 година, го

вовел поимот за еднаквост наспроти тврдењата дека едниот од половите (машки или женски) е над другиот. Притоа, тој тргнал од сознанието дека духот нема пол, а дека разумот им припаѓа и на мажот и на жената, поради што жените требало да ги уживаат истите права (Вовел, 2006:400). Првично, за овие негови ставови немало многу одгласи, но списите биле повторно објавени во 18-тиот век. Значи, со просветителството, биле отворени значајни, егзистенцијални прашања, започнала еманципацијата, будењето на граѓанската свест; биле отворани читалишта, салони, клубови, кафеани, во кои комуникацијата меѓу луѓето добивала други димензии. Погледот бил свртен кон општествените, социолошките, психолошките проблеми, престанало потиснувањето на страстите и чувствата, интелектуалецот бил ангажиран писател и филозоф. Целите на класицистичкиот рационализам биле критика и поука, поради што во нив отсуствувало естетското наспроти културно-просветното значење. Токму со критичко-поучителните дела и со културните промени воопшто, се појавиле и првите просветители во Македонија и на Балканот.

Просветителскиот процес бил посебно значаен за балканските народи кој, од една страна, донел низа придобивки, но од друга, отворил низа процеси чии последици ги чувствуваме и се рефлектираат до денешно време. Така на пример, со појавата на национализмот, во 19 век, се срушила идејата за наднационалниот идентитет на Словените, а со тоа и идејата за (јужно)словенско единство. Наспроти тоа, кај дел од балканските народи се појавила идејата за големотериторијалност која завршила со Балканските војни, по кои, за Македонија, следела поделба, а за југословенските народи, создавањето на Кралството СХС. По Втората светска војна, била формирана СФРЈ, а крајот на 20-тиот век овој простор повторно го одбележа со братоубиствена војна која резултираше со нејзино распаѓање. Падот на социјализмот и враќањето во капитализмот, им овозможија на дел од балканските земји да станат членки на ЕУ и НАТО, а дел останаа во таканаречениот Западен Балкан, врз којшто повторно се вкрстуваат интересите на Големите сили, поради што повторно тој е ставен пред клучни одлуки. Затоа и честопати се вели дека ситуацијата е иста како во 19-тиот век. Тогаш, со помош на западните, монархистички сили некои од балканските земји се стекнале со автономија, подоцна и со државност, а дел останаа со отворени прашања, како што беше македонското прашање, кое привидно беше затворено по Втората светска војна и кое денеска повторно е отворено, пред сѐ преку наметнатиот спор од страна на Грција за името на Македонија. Па борбата со авторитетите, за која

Ернест Гелнер истакнал дека конфликтот на разумот со авторитетот започнал во 17-тиот век, дека најсилен бил во 18-тиот век, завладеал во политичкиот живот во 19-тиот век, а бил ублажен или придушен во 20-тиот век, за македонското прашање одново започна.

Навраќањето кон конфликтот со авторитетот на Балканот во 19-тиот век, всушност нѐ води кон согледбата на разликата на условите во кои се наоѓале народите на Балканот од народите на Западна Европа. Првенствено ќе истакнам дека зборот слобода, на Балканот, не се движел само во насока на слобода на разумот, на човекот, туку имал примарно значење во однос на означувањето на ослободувањето на човекот од туѓата власт (османлиската и австроунгарската), ослободување од асимилацијата, односно од акултурацијата, која била спроведувана од страна на елинизмот, германизмот, унгаризмот. Поради тоа, интелектуалците на Балканот овој процес го започнале со духовната револуција, односно со културната преродба, со борбата за употреба на мајчиниот јазик и описменување на народот.

Воедно, треба да се нагласи и разликата околу раскинувањето на врската на човекот со црквата. На Балканот, особено кај оние народи кои биле под османлиска власт, црквата имала посебно значење, бидејќи преку неа се идентификувал народот, таа била клучната идентитетска одредница: христијани наспроти муслимани. Затоа и културната преродба започнала со заедничко дејствување на црквата и граѓанската класа, еснафите, кои биле заедно ангажирани околу: отворањето на црковно-училишните општини; обезбедувањето учителски кадри, учебници, книги и нагледни средства; воведување на световната, модерна настава; го помагале школувањето на младите луѓе во големите културни центри; отворањето на читалишта, општински библиотеки и печатници; донирање средства за печатење книги на народен јазик, дистрибуцијата на весници итн.

Воедно, може да истакнеме и дека просветителските тенденции не биле нови за Балканот. Погледот слободно можеме да го свртиме, и наместо да гледаме од запад кон Балкан, како што ни наметнуваат, треба да гледаме од Балканот кон западот. Бидејќи, ако погледнеме подлабоко во минатото, неоспорно е дека историјата на идеите започнала да се развива од античката и од далекуисточната филозофска мисла. Потоа, културните придобивки на Византија биле основните постулати во развојот на европската култура, на хуманизмот и ренесансата. Живеењето во рамки на империите, на нашите простори, овозможило да се живее мултиетнички, мултикултурно итн. Но, за жал, Крстоносните војни ја направиле

поделбата на христијанскиот народ на западен, католички свет и на источен, православен свет, поделба која денес ги дели балканските народи, па кај припаднците на Западен Балкан го наметнува чувството за Другост, различност, за неприпадност на матичниот континент – Европа. Исто така, кога се говори за напредни идеи, односно за базичната идеја на просветителството – образование на целиот народ, со полно право треба да се повикаме на идејата, односно на мисијата на светите сесловенски браќа, Кирил и Методиј, кои со првиот превод на словенски јазик на Библијата ја започнаа мисијата за афирмација на: христијанството, просвета, образование и литургија на мајчин јазик, праведноста, борбата против потчинетост и права за еднаквост. Па кај балканските народи, токму поведени од овие сигнали, будењето на свеста, на самосвеста, започнало токму преку овие постулати, преку книгата, преку потребата од воведување на народниот јазик во пишувана форма.

Балканот, кој бил толку различен, во него егзистираат(ле) мноштво религии, јазици, писма, сепак бил обединет од потребата од политичко и културно ослободување. Па, така, во Грција, просветата меѓу грчкиот народ започнала да се шири преку грчките трговци кои го помагале развојот на образованието. Главни центри биле Јанина, Хиос, Измир и Ајалик. Започнало да излегува списанието *Хермес о Логиос*, преку кое започнале да се зајакнуваат грчката наука, филозофија и култура. Главни претставници на грчкото просветителство се Адамнатиос Кораис и Ригас од Фера, кои биле главните приврзаници на идејата за воведување нов литературен јазик наспроти традицијата што ја диктирала Атина. Кораис измислил вештачки литературен јазик, познат како катаревуса, додека пак, Ригас пишувал на народен јазик.

Во Албанија, се зборувало на различни дијалекти наспроти јазикот кој бил во официјална и во образовна употреба. Исклучок биле неколку католички училишта, кои имале австриска или италијанска потпора (Павловиħ, 2004:153). Всушност, официјален јазик на државната управа бил османскиот (турскиот), арапскиот бил јазик на исламот, додека литургијата и образованието на православното население се одвивале на грчки јазик. Главни претставници на албанската културна преродба се браќата Наим и Сами Фрашери. А од 1840-тата година и романските интелектуалците го започнале процесот за усвојување на романскиот јазик наспроти галоманијата на кнезовите и благородниците (Павловиħ, 2004:76).

Во овој контекст, би истакнала уште една карактеристика за балканскиот простор, поточно за Јужните Словени кои, во 18-тиот век

и во почетокот на 19-тиот век, наоѓајќи се под долговековна туѓа власт, во својата културна опстојба останале приврзаници на традицијата на светата словенска мисија. Поради тоа, просветителскиот период тие го започнале со идејата за сесловенство. Всушност, целиот средновековен период тие продолжиле по поставките од 9-тиот век, кои живееле преку делото на Винко Прибојевиќ, *За потеклото и згодите на Словените* (1532); на Марво Орбин, со книгата *Кралството на Словените* (1602); преку заложбата на Тома Мрнавиќ кој, во 1622 година, ја афирмирал идејата за единството на словенските јазици на Балканот, односно за единство меѓу Хрватите, Србите, Босанците, Бугарите и Македонците; преку Христофер Жефаровиќ кој, во делото *Стематографија* (1741), ги отпечатил грбовите на јужнословенските земји и области, меѓу кои бил отпечатен и грбот на Македонија, кои биле пропратени со текстуален дел во кој биле забележани нивните специфичности; преку списанието на Захарие Орфелин, *Славјано-српски магазин* итн. Всушност, идејата за сесловенството наспроти низата подоцнежни идеи-*изми* како панславизам, илиризам, јужнославизам, југославизам, кои имале политичка конотација, таа била идеја која се залагала за словенско културно и економско заедништво, во рамноправна и автономна поставеност на народите, без израз на нечија доминантност. Целите требало да се остварат само преку дијалог – основата и на дипломатска мисија на браќата Кирил и Методиј. Затоа и во првите децении од 19-тиот век, сите се повикувале на словенското културно наследство.

Од втората половина на 18-тиот век, и Србија била опфатена од просветителските идеи. Наоѓајќи се поделена меѓу австроунгарската и османлиската империја, напредните идеи доаѓале од Виена, Пешта, преку духовниот центар Нови Сад, во кој, во 1831 година, биле отворени гимназија и печатница (Bogdanović, 548). Главни претставници на српското просветителство се: Гаврил Стефановиќ Венцловиќ, кој ги вовел буквите *ћ, ђ* и *џ* во српската азбука и кој, во периодот од 1732-1746, напишал голем број дела на народен јазик и ја превел Библијата; потоа, Захарие Орфелин, кој во 1768 година, во Венеција, го отпечатил првото списание кај јужните Словени, *Славјано-српски магазин*, преку кое ја застапил идејата дека литературата требало да биде создавана на националниот јазик; па Аврам Мразовиќ, кој во 18-тиот век, ја напишал граматиката на славеносрпскиот јазик и кој, покрај педагошката и просветителската работа, спаѓа и во малобројната група писатели од тој период. Пишувал поезија и преведувал, па во четири тетратки го објавил алманахот на француската писателка Жане Мати Лепрес де Боном

„Поучителен магазин за деца“ (1, 1787, 2, 1793, Виена, 3-4 1800 Будим). Во 1821 година, го објавил првиот прирачник по реторика на славеносрпски јазик. Во 90-тите години од 18-тиот век, објавил три учебника од кои *Руковство кон славенстјеј граматицје* извршил силно влијание врз Вук Караџиќ, за неговата *Писменица сербскога језика*, која ја претставува првата граматика на народниот  јазик. Караџиќ го вовел фонетскиот правопис и со реформите во српскиот јазик започнало потиснување на славеносрпскиот јазик и афирмација на српскиот јазик. Во редот на значајни претставници на српското просветителство секако се и Павле Јулинац, Јован Мушкатировиќ, Јован Рајиќ, Симеон Пишчевиќ, Јоаким Вујиќ – таткото на српскиот театар, Милован Видановиќ –родоначалникот на српскиот роман, Лукијан Мушицки – родоначалникот на уметничката поезија, Доситеј Обрадовиќ и други. Во 1832 година, во Белград, била отворена Кнежевската српска печатница итн.

Словенија и Хрватска биле под австроунгарската доминација. Словенија била поделена на покраини кои биле во склоп на австроунгарската империја, но кои биле меѓусебно поврзани (Корушка, Штаерска, Крањска, Горишка, Прекумурје и Истра). За темел на националната преродба се смета појавата на *Кралската граматика* од Марко Похлин, во 1768 година, во која тој ѝ се спротивставил на употребата на германскиот јазик и се залагал за употреба на словенечкиот јазик во образовнаието и во сите културни установи и пошироко. Иницијативата продолжила преку дејствувањето на интелектуалците кои биле групирани во два круга: Похлиновиот и Зоисовиот круг, со главните претставници: Феликс Антон Дев, Валентина Водник, Ожбалт Гутсман, Јернеј Копитар, Франце Прешерн, кој најдецидно ја истакнал потребата од словенечки литературен јазик и од политички народ. Хрватска, исто така, била поделена на покраини во рамки на австроунгарската империја, која пак, повеќе била приближена кон Унгарија поради заедничкиот интерес – спротивставување на виенската централизација. Хрватските просветители биле за воведување на народниот јазик во литературата, кој ќе овозможел да се истакне хрватската самобитност наспроти унгарското, австриското и италијанското влијание. Главни претставници се: Андрија Качиќ Миошиќ, со делото *Поволни разговори на словенските народи* (Razgovor ugodni naroda slovinskoga), од 1756 г., Венеција; потоа Тито (Титуш) Брезовачки, Матија Антун Рељковиќ, со *Нова славонска и германска граматика* (1767), Матија Петар Катанчиќ, кој бил под силно влијание на Будимскиот круг на хрватските фрањевачки интелектуалци, Антун Михановиќ, чии идеи,

изнесени во неговата мала книшка за домородниот јазик, од 1815-тата година, се развиле во програмата на Људевит Гај и на илирското движење. Во 1835-тата г., благодарејќи на Гај, во Хрватска биле отворени читалишта, биле објавени две списанија, а во училиштата се користел штокавскиот јазик, кој подоцна станал литературен јазик.

Бугарија се наоѓала под османлиската власт, но во која засилено дејствувала и елинизаторската политика. Најдиректно, почетокот на просветителските текови го бележи со појавата на *Славјанобугарска историја,* на Паисиј Хиландерски, од 1762 година. За средновековниот период, карактеристична е богатата дамаскинарска традиција, преку која започнало навлегувањето на народниот јазик во ракописното творештво. Просветителскиот период е одбележан и со појавата на даскалската поезија, учебникарството, како и со дебатата за основата на литературниот јазик. Притоа, биле афирмирани три става, од кои едните биле за црковнословенскиот другите за славјанобугарскиот, а третите, за новобугарски јазик. Предводник на третото стојалиште бил Петар Берон, потоа Васил Априлов, Најден Геров. Просветителските тенденции биле афирмирани и од Неофит Рилски, Емануел Васкидович, Константин Фотиев, Христаки Павлович и други.

Просветителските идеи биле присутни и во Црна Гора, Босна и Херцеговина и во Македонија. Во Македонија, тие се ширеле преку дамаскинарската традиција и преку црковно-училишните општини, во кои калуѓерите го описменувале населението. Бележита е појавата во Велес (1750/1780), со калуѓерката Марија Самуркашева која ги собирала женските деца за да ги описменува. Во 18-тиот век, започнале да се отвораат световни ќелијни училишта, а во почетокот на 19-тиот век, општински народни училишта. Во 1832 година, во Велес, во состав на општинското училиште била отворена библиотека, а од 1837-1840 година, било отворено првото световно земско училиште од страна на Ј. Х. К. Џинот. Пробивот на народниот јазик започнал од 16-тиот век, со дамаскинарските зборници, подоцна мешовитите зборници, со објавата на речникот *Четиријазичникот*[1] на Данаил Москополец, напишан на грчки, влашки, албански јазик и на охридското наречје. Во 1814-тата година, Јоаким Крчовски и Кирил Пејчиновиќ го вовеле простиот народен јазик во своите печатени поучни книги. Просветителските тенденции продолжиле преку заложбите на учебникарите Анатолиј Зографски, Партенија Зографски,

---

[1] Годината на неговата објава не е со точност утврдена; постојат три претпоставки: 1674, 1762 и 1794 година.

на печатарите Даскал Камче и Теодосија Синаитски итн. За Македонија, бележито е отворањето на резбарските, зографските работилници, преку кои, во резбите, биле внесени: ликот на човекот, на Мијакот, во неговата секојдневна, национална облека и елементите од секојдневниот живот. Мијачките тајфи, кои биле од Западна Македонија, работеле ширум Балканот и оставиле трајни културни споменици ширум овој простор. За просветителскиот период во Македонија бележито е и создавањето на градската песна, која ги содржела автохтоните елементи на македонското фолклорно подрачје, а во еден дел од нив се чувствувало влијанието и на западноевропската раноромантичарска мелодика. Биле создавани песни со архаичен и современ карактер. Започнало и собирање и мелографирање на македонските црковни напеви, со што се појавиле првите македонски мелографи меѓу кои еден од нив бил Наум Миладинов, кој во 1843 година, го напишал првиот македонски музички учебник според теоријата на Хризант, формирал училиште за изучување на музичката писменост, ја афирмирал виолината како музички инструмент во охридско-струшкиот регион (Миронска-Христовска, 2005:260-261).

Воопшто, како резултат од просветителските идеи, ширум Балканот започнал развојот на граѓанската свест и на сите пропратни елементи за ширење на граѓанската култура. Биле отворани граѓански библиотеки, читалишта, училишни објекти, заживеал театарскиот живот, започнало формирање книжевни друштва, печатење весници, списанија итн. Литератите ја добиле можноста да го развиваат „јазикот на денот“ (Žmegać, 1974:75), а во делата влегле обичниот човек и секојдневниот живот. Творечката слобода го овозможила развојот на низата жанрови како романот, лирската поезија, во која доминира интимното, личното, субјективното доживување, реформи доживеала драмата, која како миметички медиум дала можност да се пропагира против негативностите на општеството. Всушност, од ден на ден, растел бројот на раскази, поеми, летописи, хроники, патописи, исповеди, односно новиот вид автобиографска проза, детската литература, политичките написи, полемиките, памфлетите, одделни студии, сепарати, весници и списанија од областа на литературата, јазикот и историјата. Бележита е и појавата на популарните филозофски списи, на моралните неделници, календарите како и на посебниот вид забавно-поучни списанија.

Но наспроти културниот напредок, неминовни биле ослободителните вооружени востанија кај балканските народи. Паралелно на тоа, силно влијание имало и новото поимање за народот и за државата, од 1848/49 година, што било и главна пресвртница кај

сите народи. Започнало ширењето на националната свест и истакнувањето на националниот идентитет, односно започнала националната преродба. Па, така, во Србија, од 1848 година, словенското чувство почнало да слабее наспроти разбудената српска национална свест. Во Словенија, дотогаш прифатеното Илирско движење, од страна на Станко Враз, започнало да се отфрла, посебно во урбаните средини. Отпорот станал помасовен, откако италијанските културни кругови го презеле националното обележје, на што силно се спротивставиле свештениците, адвокатите, граѓанската класа, па во 1860-тата година, било формирано „слогаштво" кое имало цел да ги обедини сите Словенци (Dugo devetnaesto stoljeće, 427). Исто така, и во Хрватска, Илирското движење започнало да добива други димензии. Всушност, сите Јужни Словени започнале да го отфрлаат наднационалниот идентитет како Словени и да го афирмираат националниот идентитет, па од идејата за сесловенство, од идејата за единство на Јужнословените, се пристапило кон идејата за нивна поделба и разединување. Преку интересите на големите сили, започнала да се шири идејата за големодржавност. Прва која започнала со својата мегалоидеја била Грција, на која, најпрвин, од крајот на 18-тиот век (1766-1767), Цариградската патријаршија, со која раководеле фанариотите, ѝ било дадено правото да управува со православните цркви, па во определени делови од Балканот, грчкиот јазик доминирал и во училиштата и во црквите. Така што „во 1810 година, на пример, во Белградскиот пашалак (срцевината на идна Србија) имало само две основни училишта, но и во двете се предавало на грчки; во Црна Гора првото основно училиште било отворено во 1834 година; романскиот национализам бил поврзан со желбата на благородништвото да се ослободи од своите грчки кнезови и не го запалил селанството; што се однесува до бугарскиот национализам, тој морал да го причека отворањето на неколкуте чисто бугарски училишта до средината на деветнаесеттиот век" (Мазовер, 2003:104). Веќе со враќањето на автономијата на православните цркви, освен на македонската, односно на Охридската архиепископија, која била неканонски укината, во 1767 година, која до денешен ден не е призната од другите православни цркви, национализмот почнал да добива уште поголеми димензии кои, за жал, на крај, резултирале со Балканските војни. За таа неразумност, за таа спротивност на просветителските цели, за илустрација ќе се послужам и со приказната на Волтер „Авантурите на Разумот". Во неа се раскажува за Разумот кој излегол од бунарот во кој се затворил со својата ќерка Вистината. Тој излегол од него за да го пронајде светот на просветеноста. Но резултатот бил:

таму каде што владееле просветени владетели имало надеж, но насекаде биле војни, варварства, незадоволства. Поради тоа, таткото и ќерката се вратиле во бунарот за да почекаат подобри времиња (Вовел, 2006:12).

За жал, како уште да ги чекаме подобрите времиња, посебно, македонскиот народ. Национализмот со неговите подоцнежно идејно негативни појави надвладеа над придобивките на просветителството: еднаквост, демократија, разумност, свесност за Другиот и негово признавање и почитување. Со Букурешкиот мировен договор (1913), Македонија била поделена, по што, не се признавале македонскиот јазик, македонската црква, македонскиот народ и идентитет. Со Новиот поредок, македонската приказна продолжи. Започнатата голема војна, во 1848 година – секој сосед против својот сосед, за Македонија не е завршена. Едни не ги признаваат македонскиот јазик и народ, други не ја признаваат македонската црква, трети – територијата, четврти – македонското име и идентитетот, поради што произглегуваат спорови и блокади на македонската интеграција во големите членства, ЕУ и НАТО. Па се прашувам, дали не сме го надминале просветителството, бидејќи според Кант, просветителството било излез на човекот од неговата самоскриена незрелост која претставувала немоќ да се служи со својот разум, без водство на некој друг, а чија причина не била во недостигот од разум, туку во недостигот од решителност и смелост „Sapere aude! Имај смелост да се служиш со сопствениот разум! Тоа е, значи, девизата на просветителството“ (Kalin, 1983:110). Всушност, овој став на Кант, во натамошниот развој на филозофијата, предизвикал расправа „За или против просветителството“. Поточно, размислите биле предизвикани од мислењето на Кант дека „излезот“ кој го карактеризирал Aufklärung е процес кој ќе нè ослободи од „малолетноста“, на што пак, Фуко забележал: „Не знам дали некогаш ќе станеме полнолетни. Многу нешта во нашето искуство нè уверуваат дека историскиот настан Aufklärung не нè направил полнолетни и сè уште не сме“ (Foucault, 1997:99).

Пред оваа дилема на Фуко, исправени сме и денеска, поради низата случувања кои се одвиваат не само на Балканот, туку и воопшто, во светот, кои нè упатуваат на мислењето дека човекот навистина сè уште останал во својата малолетност и покрај низата придобивки. За разлика оттогаш, кога се користеле знаења преку критиката на средновековната традиција, теологијата и учењето на христијанската црква, денеска се минимизираат големите уметнички дела и тие ја губат вредноста, наспроти глобалната, масовна култура,

во која отсуствуваат естетските вредности, а за дидактика и моралност веќе не може ни да се зборува. Затоа ќе истакнам дека исчекорот со просветителството што го однел човекот во научен и индустриски развој, сега, наместо да нè води кон подобар живот, всушност, како да нè води кон самоуништување на човечката раса и на природата, за која пак, Ж. Ж. Русо изградил нов култ. Всушност, и новото преструктурирање на светот нè води во уште поголема изгубеност. Средната класа исчезнува, сè поголем е бројот на сиромашните наспроти богатите, колонијалните сили преку отворениот економски пазар владеат со светот, при што се изместени естетските, моралните, етичките и уметничките вредности. Миграциите, од ден на ден, стануваат сè побројни, младите од еден крај на светот се преселуваат на друг, долгогодишните масовни бегалски кризи како да немаат крај, при што Балканот повторно е поставен како демографски бастион на Европа. Затоа се прашувам дали за ваквата ситуација се виновни првичните тенденции на просветителите или развојот на идеите, односно немоќта на човекот да влезе во својата полнолетност? Затоа, на крајот, ќе се навратам на почетокот, со прашањето: „Што е просветителството?“ и со констатацијата дека е невозможно тоа докрај да се дефинира и да се врами во определен временски период и географски простор.

**Литература:**


Актон, Лорд. 2001. *Историја на слободата*. Скопје: Слово.

Bauringer, Herman. 2001. *Etnogologija*. Beograd: Biblioteka XXvek.

Берѓаев, Николај. 1996. *За човековото ропство и слободата*. Скопје: Култура.

Bogdanović, David. 1933. *Pregled književnosti Hrvatske i Srpske*. Zagreb: Tisak i naklada knjižare L. Hartmana.

Борисова Михова, Лидия. 1995. *Българските календари*. Пловдив: „Полиграф“.

Vidan, Gabrijela. 1982. „Osamnaesto stoljeće“, *Povjest svjetske književnosti, knjiga 3,* str. 286-386. Zagreb: Mladost.

Вовел, Мишел (приредио). 2006. *Човек доба просвећености*. Београд: CLIO.

Diltaj, Vilhelm. 1980. *Zasnivanje duhovnih nauka*. Beograd: Prosveta.

Žmegać, Viktor. 1982. „Antiklasicistička faza prosvjetiteljstva. Sturm und Drang“. *Povjest svjetske književnosti, knjiga 5*, str. 71-86. Zagreb: Mladost.

Јелавич, Барбара. 1999. *Историја на Балканот осумнаесетти и деветнаесетти век*. Скопје: Лист.

Касирер, Ернст. 1998. *Есеј за човекот*. Скопје: Култура.

Kalin, Boris. 1983. Povijest filosofije. Zagreb: Školska knjiga.

Конев, Илия. 1983, 1991, 1998. *Българското възраждане и просвешението*. София

Конески Блаже. 1981. „Македонските учебници од XIX век“ во *За*

*македонскиот литературен јазик*. Скопје: Култура, Македонска книга, Мисла, Наша книга.
Константиновић, Изабела. 1997. „Рукописна штива у XVII веку”, *XVII столеће, књ. II, св. 1*, Нови Сад.
Купер, Е. Дејвид. 2004. *Светска филозофија*. Нови Сад: Световид.
Лори, Бернард. 2003. *Балканска Европа*. Скопје: Матица македонска.
Мазовер, Марк. 2003. *Балканот кратка историја*. Скопје: Евро-Балкан пресс.
Миронска-Христовска, Валентина. 2005. *Просветителството во Македонија*. Скопје: Институт за македонска литература.
Миронска-Христовска, Валентина. 2007. *Македонската преродба*. Скопје: Институт за македонска литература.
Павловић, К. Стеван. 2004. *Историја Балкана 1804-1945*. Београд: CLIO.
Pejović, Danilo. 1982. *Francuska prosvjetiteljska filozofija.* Zagreb: Nakladni zavod Matice Hrvatske.
Петканова, Донка. 1992. „Сборниците на XVI-XVIII в.“, *Старобългарска литература IX-XVIII век*, стр. 531-542. София: Университетско издателство „Климент Охридски“.
Putinja Filip – Stref-Fenar Žoslin. 1997. *Teorije o etnicitetu*. Beograd: Biblioteka XX vek.
Sekulić, Ljerka. 1982. „Prvo razdoblje prosvjetiteljstva i građanska kultura osjećajnosti“, *Povjest svjetske književnosti, knjiga 5*, str. 58-71. Zagreb: Mladost.
Skruton, Roger. 1998. *Kratka istorija modern filozofije od Dekarta do Vingeštajna*. Beograd: Narodna knjiga Alfa.
Страховъ, Н. 1904. *Кратка история на философията*. София: Печатница на Хр. Г. Бъчеваровъ.
Фридрих, Ниче. 2001. *О користи и штети историје за живот*. Нови Сад: Светови.
Foucault, Michel. 1997. „Što je prosvjetiteljstvo?“. s. *Čemu*, god. IV, sv. 2 (10), str. 87-99. Zagreb.
Фуко, Мишел. 1998. *Треба бранити друштво*. Нови Сад: Светови.
Шопенхауер, Артур. 1998. *Етика*. Скопје: Култура.
Hrvatskinarodnipreporod/Hrvatskaenciklopedija www.enciklopedija.hr/natuknica.aspx?id26455 (пристапено 3.4.2017).
Dugo Devetnaeseto stoljeće (1797-1918). www.crsrv.org/it/istra_vrijeme/PDF/425-530.pdf. (пристапено 7.4.2017).
Age of Enlightenment - New World Encyclopedia www.newworldenciclopedia.org/entryAge_of_Enlightment (пристапено30.01.2017).
Encyclopaedia Britannica. www.britanica.com/topic/history-of-Europe/The Enlightement. (пристапено 8.2.2017).
New World Encycloredia Age of Enlightenment.www.history.com/topics/enlightenment/Enlightenment-Fast&Summary-History.com. (пристапено 16.2.2017).
Јован Деретић. Историја српске књижевности.

www.savezguslarasrbije.rs/download/.../jovan_deretic_istorija_srpske_knj izevnosti.pdf. (пристапено21.3.2017).
Павле Ивић и Митар Пешкин. Српско штампарство. https://www.rastko.rs/isk/index_c.html. (пристапено 27.3.2017)
Јован Деретић. Књижевност 18. и 19. Век. https://www.rastko.rs/isk/index_c.html. (пристапено 27.3.2017).
Драган М. Јаковљевић. Српске културне и просветне установе у Мађарској у 19 веку како носиоци културолошког препорода српског народа. www.riznicasrpska.net/knjizenost/index.php?topic=908.0. (пристапено 29.3.2017).